**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203-403/7**

**Скопје, 24.09.2008 година**

**До**
**Основен суд Штип - Штип**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Основен суд Штип – Штип приходи наплатени од органи (во понатамошниот текст Основен суд) за 2007 година кои се прикажани на страните од 4 до 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија, и е издаден извештај за финансиските извештаи на Основен суд Штип - Штип за 2003 година.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај, се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:
   › Миланчо Рамбабов - Претседател на Основен суд Штип од 19.07.2004 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Извештај, прикажан на страните 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 19.05.2008 година до 23.05.2008 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   -дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   -дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика .

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 04.08.2008 година добиени се забелешки на Претходниот извештај на овластениот државен ревизор заведени под број 868/08. Истите беа разгледани и одбиени како неосновани.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи, дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

***11.1. Неправилна примена на акти***

11.1.1. Основниот суд нема изработено Преглед на изречените и наплатени парични казни, трошоците на постапката и конфискуваниот имот и имотна корист, како прилог кон завршната сметка, што не е во согласност со член 345 од Судскиот Деловник („Службен весник на Република Македонија„ бр.71/07). Некомлетноста на завршната сметка придонесува Основниот суд да не располага со податоци за степенот на наплатливост на изречените и наплатените парични казни, со што постои можност за нивно застарување и неможност за нивна наплата.

**Препорака:**
Изработката на Прегледот на изречените и наплатените парични казни, трошоците на постапката и конфискуваниот имот и имотна корист да се врши согласно член 345 од Судскиот Деловник и да е составен дел на завршната сметка.

***11.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела***

11.2.1. Со ревизија на водењето на деловните книги за 2007 година констатирани се истите состојби како во точка 10.3.1. од Претходниот извештај на Основен суд Штип – сметка за редовно работење кои укажуваат на несоодветно почитување на законските и подзаконските прописи освен алинејата 3 и тоа:

- не се поткрепени со веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи вкупно 2 налози за книжење со вкупен промет од 467 илјади денари.

**Препорака:**
Почнувајќи од 01.01.2008 година, на ниво на Судска власт во РМ, имплементиран е модул за Буџетско и финансиско работење. Заради целосна имплементација на горенаведениот модул односно добивање на точни, целосни и веродостојни информации во финансиските извештаи, Основниот суд потребно е да внесе веродостојни податоци за почетната состојба на средствата и нивните извори, а внесувањето на податоците во деловните книги да го врши навремено и хронолошки врз основа на веродостојни и уредни сметководствени документи.

12. Со ревизијата на финансиските извештаи, дадени како составен дел на овој Конечен извештај, наодите од Претходниот извештај на Основен суд Штип – Штип – сметка за редовно работење од точките 10.1.1, 10.2.2, 10.2.3, 10.2.4, 10.2.5, 110.3.1. освен алинеја 3, и точките 10.3.2 и 10.3.3. како и точката 13. се исти и во овој извештај.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.1.1 и 10.2.1, како и во точките 10.1.1, 10.3.1. алинеја 1, 2, 4 и 5, 10.3.2 и 10.3.3. од Претходниот извештај на Основен суд Штип – Штип –сметката за редовно работење, финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Основен суд Штип - Штип – сметка приходи наплатени од органи на ден 31 Декември 2007 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно со важечката законска регулатива.

14. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.1.1 и 10.2.1од овој извештај и точките 10.1.1, 10.2.2, 10.2.3, 10.2.4, 10.2.5, 10.3.1 алинеја 1, 2, 4 и 5, 10.3.2 и 10.3.3. од Претходниот извештај на Основен суд Штип – Штип – сметката за редовно работење, кај Основен суд Штип - Штип - сметка приходи наплатени од органи не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година.

**Овластен државен ревизор**

**Скопје, 19.09.2008 година**



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311*

*Овластен Државен ревизор*

----------------------------

**Основен суд Штип - Штип**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2007** | **2006** |
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 2,681 | 2,457 |
| Трансфери и донации | 819 | 782 |
| **Вкупно приходи** | **3,500** | **3,239** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 2,380 | 2,420 |
| **Вкупно тековни расходи** | **2,380** | **2,420** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 123 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | **123** | **0** |
| **Вкупно расходи** | **2,503** | **2,420** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **997** | **819** |

**Основен суд Штип - Штип**

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2007** | **2006** |
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 997 | 819 |
| Активни временски разграничувања | 740 | 545 |
| **Вкупно тековни средства** | **1,737** | **1,364** |
| **Вкупна актива** | **1,737** | **1,364** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 740 | 393 |
| Краткорочни финансиски обврски | 0 | 134 |
| Обврски спрема државата и други институции | 0 | 18 |
| Пасивни временски разграничувања | 997 | 819 |
| **Вкупно тековни обврски** | **1,737** | **1,364** |
| **Вкупна пасива** | **1,737** | **1,364** |



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311*

*Овластен Државен ревизор*

-----------------------------

***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА***

**Бр. *1205-403/15***

**Скопје, 15.10.2008 година**

Врз основа на член 23 став 6 од Законот за државната ревизија (“Сл. весник на РМ” бр. 65/97 ……133/07), постапувајќи по добиениот Приговор по Конечен извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на Основен суд Штип ( во понатамошниот текст Основен суд) за 2007 година за сметката приходи наплатени од органи заведен под број 1203-403/7 од 24.09.2008 година, Главниот државен ревизор го донесе следното:

***Р Е Ш Е Н И Е***
***по поднесен приговор на Конечен извештај***

1. Приговорот на поднесен на **точките 11.2.1, 13 и 14** од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на Основен суд за 2007 година за сметката приходи наплатени од органи **не се прифаќа**.
2. Решението по доставениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор претставува прилог на Конечниот извештај и се интегрира во Годишниот извештај.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е,***

Против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на Основен суд за 2007 година за сметката приходи наплатени од органи поднесен е приговор Су. бр. 1062/08 од 06.10.2008 година. Со поднесениот приговор одговорното лице на субјектот за периодот за кој е вршена ревизијата, не достави дополнителни докази со кои може да се оспорат или преиначат утврдените состојби во Конечниот извештај, со што овластениот државен ревизор ги дава следниве образложенија за неприфаќање на приговорот:

1. Упатениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на **точката 11.2.1. алинеја 3** која се однесува на констатацијата дека вкупно 2 налози за книжење со вкупен промет од 467 илјади денари не се поткрепени со веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи, **не се прифаќа** поради тоа што одговорното лице во прилог на

приговорот не достави докази со кои ќе ги побие утврдените состојби од страна на ревизијата.

2. Упатениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на **точките 13 и 14** кои се однесуваат на изразеното мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, како и за законското и наменското користење на средствата кои претставуваат државни расходи за 2007 година, **не се прифаќа,** поради тоа што мислењето е изразено врз основа на пропишани стандарди за вршење на ревизија.

**Главен државен ревизор**

Скопје, 07.10.2008 година

**Тања Таневска**



*ул: “Маршал Тито” - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311* -----------------------------